Република Македонија
Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје



# БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН: АНАЛИЗА ЗА ПЕРИОДОТ 2007-2013

Скопје, 2014

**Република Македонија**
**Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје**

# БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН: АНАЛИЗА ЗА ПЕРИОДОТ 2007-2013

**Скопје, 2014**

**Република Македонија**
**Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје**

**Директор: д-р спец. Шемси Муса**

---

Обработка на податоците: **Одделение за социјална медицина**

Раководител на Одделението: **прим. д-р сци. Весна Спирова**

Уредник и автор: **прим. д-р сци. Весна Спирова**

Информатичка обработка: **дипл. инг. Нијази Абдији**

## СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР**

**1 Цел и методологија на работа 1**

**2 Регистриран болнички морбидитет 3**

**3 Заклучоци и препораки 8**

**4 Користена литература 11**

**5 Прилог табели 12**

5.1 Скопски регион-болнички морбидитет 13
5.2 Град Скопје-болнички морбидитет 16
5.3 Општина Аеродром-болнички морбидитет 18
5.4 Општина Бутел-болнички морбидитет 20
5.5 Општина Гази Баба-болнички морбидитет 22
5.6 Општина Ѓорче Петров-болнички морбидитет 24
5.7 Општина Карпош-болнички морбидитет 26
5.8 Општина Кисела Вода-болнички морбидитет 28
5.9 Општина Сарај-болнички морбидитет 30
5.10 Општина Центар-болнички морбидитет 32
5.11 Општина Чаир-болнички морбидитет 34
5.12 Општина Шуто Оризари-болнички морбидитет 36
5.13 Општина Арачиново-болнички морбидитет 38
5.14 Општина Зелениково-болнички морбидитет 40
5.15 Општина Илинден-болнички морбидитет 42
5.16 Општина Петровец-болнички морбидитет 44
5.17 Општина Сопиште-болнички морбидитет 46
5.18 Општина Студеничани-болнички морбидитет 48
5.19 Општина Чучер-Сандево-болнички морбидитет 50
5.20 Скопски регион-болнички морталитет 52

# Предговор

*Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет во Скопскиот регион* - рутинирано се подготвува во облик на публикација со табеларни и графички прикази на Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје Скопје, за да го прикаже морбидитетот и морталитетот регистриран во одреден временски период во болничките здравствени установи кај населението од градот Скопје и Скопскиот регион во целост.

Анализата е изготвена во согласност со Националаната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2014 година, а врз основа на Законот за државната статистика и Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, Законот за евиденциите во областа на здравството и Законот за јавно здравје.

Податоците за болничкиот морбидитет на населението во Скопскиот регион се презентирани на општинско ниво, како единици на локалната самоуправа , НТЕС 4, а податоците за болничкиот морталитет се презентирани на регионално ниво, НТЕС 3, во согласност со важечката класификација НТЕС.

Обликот и содржината на табелите содржани во публикацијата овозможуваат детален аналитички приод во користењето на податоците од страна на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, јавните и приватните здравствени установи, здравствените работници, јавноста и други корисници.

Ваквото континуирано изработување и публикување на податоците за болничкиот морбидитет и морталитет, кои се прибираат и обработуваат според утврдена и единствена методологија и со примена на единствени статистички стандарди, овозможува нивно временско следење и анализирање како корисен и веродостоен показател за здравствената состојба на населението. Анализата може да послужи како основа за донесување валидни одлуки на менаџерите во приватните и јавните здравствени установи во планирањето на развојот, како поддршка на научните истражувања и обезбедување на споредливи податоци.

## Цел и методологија на работа

*Цел на оваа Анализа е да ги прикаже болничкиот морбидитет и морталитет на населението од Скопскиот регион во 2013 година спореденo со податоците од 2007 и 2010 година, кои понатаму треба да им послужат на органите на државната власт, на единиците на локалната самоуправа, јавните служби, јавноста и други корисници како основа за донесување квалитетни одлуки во планирањето на регионалниот развој, во поддршката на научни истражувања и во обезбедувањето на споредливи податоци.*

*Податоците за болничкиот морбидитет и морталитет произлегуваат од индивидуалниот* ***Извештај за стационарно лекувано лице, Обр. Бр. 3 - 21 - 61 А****, кој редовно се пополнува во болничките здравствени установи за секој испишан болен и рутинирано се доставува до центрите за јавно здравје во Републиката.*

*На Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје во текот на календарската 2013 година се примени, логички контролирани и компјутерски обработени 118 105 вакви извештаи со примена на познати и релевантни стандарди, методи и техники. Од вкупниот број обработени извештаи, 65 639 (55,6%) се однесуваат на жители на Скопскиот регион, 49 933 (42,3%) се однесуваат на жители на останатите седум статистички региони на Република Македонија и 2 533 (2,1%) се однесуваат на жители на странски држави.*

На овој начин јавните и приватните болнички капацитети во градот Скопје обезбедуваат секундарна и терциерна болничка здравствена заштита за населението на градот Скопје и Скопскиот регион и, главно, терциерна здравствена заштита за населението од останатите региони во Република Македонија и од странство.




**Слика 1.** Центарот за јавно здравје-Скопје, редовно и во континуитет од повеќе аспекти го следи болничкото лекување во сите капацитети на територијата на Скопскиот регион.

Во евалуацијата на болничкиот морбидитет и морталитет е користена дескриптивна анализа и аналитички статистички метод, со примена на следните показатели:

- **Стапка на болнички морбидитет на 1000 жители** за (1) вкупниот број болнички лекувани лица, (2) според групите на болести во согласност со МКБ-X, вкупно за Скопскиот регион, за градот Скопје и за сите 17 општини, одделно.

- **Индекс на динамика 2013/2007 година** (1) за вкупниот број испишани болни, (2) според групите на болести во согласност со МКБ-X, вкупно за Скопскиот регион, за градот Скопје и за сите 17 општини, одделно.

- **Структура на болнички морбидитет** според групите на болести во согласност со МКБ-X за (1) вкупниот број испишани болни и одделно за оние (2) на возраст од 0-14 години и (3) постари од 65 години, вкупно за Скопскиот регион, за градот Скопје и за сите 17 општини, одделно.

- **Стапка на болнички морталитет на 100 болнички лекувани лица**, (1) вкупно и одделно за двете возрасни групи (2) од 0-14 години и (3) постари од 65 години, вкупно и според групите на болести во согласност со МКБ-X, за Скопскиот регион.

- **Структура на болнички морталитет,** вкупно и според групите на болести во согласност со МКБ-X, за (1) вкупниот број умрени во болница и одделно за бројот на умрени болни (2) на возраст од 0-14 години и за (3) оние постари од 65 години, за Скопскиот регион.

Податоците за бројот на населението на ниво на општини за 2013 година се проценети во Центарот за јавно здравје Скопје врз основа на претходно публикувани податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Податоците за болничкиот морталитет добиени преку индивидуалните извештаи споредени со оние од збирните извештаи, Извештај на службата за болничко-стационарно лекување, Обр. бр. 3-21-60, кој, исто така, рутинирано се прибира од сите болнички установи, се нецелосни и за 2013 година чинат само 29.3% од бројот на умрени во болница. Оттаму, морталитетот е прикажан збирно, за регионот во целост. Останува и понатаму потребата да се постигне добра пракса за целосно и веродостојно известување преку индивидуалните извештаи за основната причина за смрт во сите случаи кога хоспитализацијата имала летален исход.

## РЕГИСТРИРАН БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

Податоците од регистрираниот болнички морбидитет за населението во Скопскиот регион во 2013 година говорат дека меѓу причините за хоспитализација, на прво место стојат Неоплазмите, C00-D48. Од вкупниот број хоспитализирани лица, 14.5% се примени во болница поради овие болести.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје-Скопје

**Дијаграм 1.** Структура на болничкиот морбидитет според групите на болести во согласност со МКБ-X за вкупниот број испишани болни во 2013 година, жители на Скопскиот регион.

Второрангирани се Болестите на респираторниот систем, J00-J99, со 13,3%, по што следуваат Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99, со учество од 12.7% во вкупните причини за прием во болница. Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99, со 12,3%, Болестите на дигестивниот систем, K00-K93, со 9,0% и Повредите, труењата и другите последици од надворешни причини, S00-T98, со 6,7% стојат на четвртото, петтото и шестото место на листата на причини за болничко лекување.

Структурата на болничкиот морбидитет во 2013 година споредено со 2007 година во поглед на водечките причини за хоспитално лекување, покажува еднаква пропорција за неоплазмите (14,3% во 2007 година), пораст на пропорцијата на респираторните заболувања (12,8% во 2007 година), намалување на пропорцијата на циркулаторните заболувања (16,2% во 2007 година) и пораст на учеството на

генитоуринарните заболувања во вкупниот морбидитет (9,7% во 2007 година). Опаѓање во 2013 година бележи пропорцијата на повредите (7,8% во 2007 година).

Во овој контекст, болничкиот морбидитет покажува највисока стапка на хоспитализација за *неопластичните заболувања* од 15,5/1000 жители, после што следуваат веќе наброените групи на болести со вредност од 14,3/1000 жители за *Болестите на респираторниот систем, J00-J99*, 13,6/1000 жители за *Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99*, 13,2/1000 жители за *Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99*, 9,7/1000 жители за *Болестите на дигестивниот систем, K00-K93*, и 7,1/1000 жители за *Повредите, труењата и другите последици од надворешни причини, S00-T98*.

Временската серија од 2007-2013 година, дадена во Прилогот табели, открива дека во набљудуваниот период највисок базичен индекс 2013/2007 покажува групата болести *Симптоми знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, R00-R99 со вредност 2*. Со индекс од 1,8 следуваат *Болестите на крвта и крвотворните органи и заболувањата на имуниот механизам, D50-D89* заедно со *Болестите на кожата и поткожното ткиво, L00-L99*. *Ендокрините, нутритивните и метаболичните болести, E00-E90*, имаат индекс 1,7, а *Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99*, бележат базичен индекс од 1,6. Единствено групата болести *Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период, P00-P99,* покажува опаѓање од 0,7 во индексираниот период од 2007 до 2013 година.

Меѓу хоспитализираните лица близу една третина (28,7%) се лица постари од 65 години. Споредено со нив, двојно е помал бројот на болнички лекувани деца до 14 години (16,4%).

Во поглед на структурата на групите болести според МКБ-X, поединечно, хоспитализираните болни постари од 65 години во најголема пропорција од 65,4% учествуваат во групата (1) Болести на окото и на аднексите, (H00-H59), (2) Болести на циркулаторниот систем, I00-I99, (56.3%), (3) Неоплазми, C00-D48, (37.7%), (4) Болести на мускулно-скелетниот систем и сврзното ткиво (40,0%) и (5) Повреди, труења и други последици од надворешни причини, S00-T98, (29,8%).




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 2.** Регистриран болнички морбидитет според групите на болести во согласност со МКБ-X кај населението на Скопскиот регион, во периодот 2005-2013 година.

Од аспект на вкупните причини за хоспитализација на старите лица, Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99, Неоплазмите, C00-D48 и Болестите на дигестивниот систем, K00-K93, се првите три најчести причини со учество од 24,9%, 19,1% и 8,9%, соодветно.

Во популацијата на деца до 14 години, најчести причини за болничко лекување се (1) Болестите на респираторниот систем, J00-J99, со учество од 42.6%, (2) Инфективните и паразитски болести, A00-Б99, со индекс на структура од 9.5%, и (3) Ендокрините, нутритивни и метаболични болести, E00-E90, со пропорција од 7.1%.

Од аспект на одделните групи на болести и вкупниот број на лекувани лица, децата до 14 години, имаат највисоко учество во групата Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности, Q00-Q99, со индекс од 54.2%. Следуваат групите Симптоми знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, R00-R99, и Болести на респираторниот систем, J00-J99, со индекс од 52,4 и 52,3, соодветно. Во групата болнички лекувани лица од Одредени инфективни и паразитски болести, A00-Б99, децата до 14 години имаат високо учество со индекс од 46,0%, за разлика од старите лица чиј индекс на структура е само 9,4%.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 3.** Регистриран болнички морбидитет според групите на болести во согласност со МКБ-X кај населението на Скопскиот регион, во 2013 година, вкупно, и одделно за деца до 14 години и лица постари од 65 години.

Во поглед на просечното траење на лекување, во 2013 година, шест групи на болести бележат лекување во просек подолго од 10 дена, имено, помеѓу 19 и 10,6 дена. Тоа се: (1) Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам, D50-D89, (2) групата Неоплазми, C00-D48, (3) групата на Инфективни и паразитски болести, A00-Б99, (4) групата Болести на нервниот систем, G00-G99, (5) групата Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво, M00-M99, и (6) Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период, P00-P96. Најдолг престој во болница имаат лицата со Душевни растројства и растројства во обноските, F00-F99, со просечно траење на хоспитализациите од 136 дена. Вкупното просечно лекување во 2013 година траело 12 дена.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 5.** Просечно траење на лекувањето според групите на болести во согласност со МКБ-X кај населението на Скопскиот регион, во 2010 и 2013 година.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 6.** Просечно траење на лекувањето, вкупно, за населението од Скопскиот регион, во периодот од 2010 до 2013 година.

Од аспект на општината како место на живеење на болнички лекуваните лица, највисока стапка на општ болнички морбидитет во градот Скопје во 2013 година бележи општина Центар и Кисела Вода, со 231,3 и 172,5 хоспитализации на 1000 жители, соодветно. Најниски вредности се регистрирани за општините Сарај и Шуто Оризари, со

41,1 и 59,4 хоспитализации на 1000 жители, соодветно. Во седумте рурални општини општата стапка на болнички морбидитет се движи помеѓу 48,7/1000 жители во општина Петровец и 37,8/1000 жители во општина Чучер-Сандево.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Неоплазмите, C00-D48**, се најчестата причина за хоспитализација на населението во Скопскиот регион во 2013 година. Имено, **14.5%** од вкупниот број на случаи на болничко лекување се должат на овие заболувања. **Болестите на респираторниот систем, J00-J99**, се втората најчеста причина за прием во болница со учество од **13.3%** во вкупниот број на хоспитализации.

**Општата стапка на болничкото лекување** од **107,1/1000 жители** во 2013 година е многу блиску до општата стапка на болничко лекување за РМ од 114.4/1000 жители во 2011 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014) и значително пониска од просечната стапка на болничко лекување за земјите на Европската унија од 172.8/1000 жители во 2011 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

Болничкиот морбидитет покажува највисока специфична стапка на болничко лекување за **Неопластичните заболувања, C00-D48**, од **15,5/1000 жители**, што е лесно под стапката за РМ од 16.2/1000 жители во 2010 година и за Европската унија од 16,29/1000 жители за 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

Второрангирани се **Болестите на респираторниот систем**, J00-J99, со стапка од **14.3/1000 жители**, што е вредност пониска од таа за РМ од 18.6/1000 жители во 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

**Болестите на циркулаторниот систем**, I00-I99, со специфична стапка на болничко лекување од **13,6/1000 жители,** се исто така под специфичната стапка на болничкиот морбидитет за РМ од 17.2/1000 жители во 2010 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

Во временската серија од 2007 до 2013 година, највисок **базичен индекс 2013/2007** од **1.8** покажуваат ***Болестите на крвта и крвотворните органи и заболувањата на имуниот механизам***, *D50-D89*, заедно со ***Болестите на кожата и поткожното ткиво***, *L00-L99*. ***Ендокрините, нутритивните и метаболичните болести***, *E00-E90*, со индекс од **1.7 се второрангирани**. На трето место според базичниот индекс 2013/2007 со вредност од 1.6 се наоѓаат ***Болестите на генитоуринарниот систем***, N00-N99. Лесно намалување на бројот на лекувани лица се забележува единствено за групата на ***Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период***, *P00-P96*, со базичен индекс од 0.7.

Близу ***една третина*** (28,7%) од хоспитализираните лица се **постари од 65 години**, додека **децата на возраст до 14 години** чинат нешто повеќе од ***една шестина*** од вкупно лекуваните болни во болница во 2013 година.

Хоспитализираните болни **постари од 65 години** во најголема пропорција се лекувани од (1) ***Болести на циркулаторниот систем***, *I00-I99,* (2) ***Неоплазми***, *C00-D48* и (3) ***Болести на дигестивниот систем***, *K00-K93*.

***Болестите на окото и аднекситe***, *H00-H59*, и ***Болестите на циркулаторниот систем***, *I00-I99,* се две од вкупниот број на групи на болести според МКБ-X поодделно, во кои предоминира пропорцијата на хоспитализирани стари лица. Едно **од две** болнички лекувани лица во врска со *Болестите на окото и аднекситe* и *Болестите на циркулаторниот систем* е **постаро од 65 години**.

Во популацијата на **деца до 14 години**, најчеста причина за болничко лекување се ***Болестите на респираторниот систем***, J00-J99. ***Инфективните и паразитски болести***, A00-B99, се втората најчеста причина за прием на децата во болница, при што **децата до 14 години** чинат близу **половина** од вкупно лекуваните од оваа група на болести.

Во **просек,** болничкото лекување во болниците во Скопје, за жителите на Скопскиот регион, траело **11.9 денови** во 2013 година. Просекот на болничкото лекување, вкупно, за земјите во Европскиот регион е 9.1 денови во 2011 година (последен достапен податок според European HFA Database, April 2014).

Најдолгото просечно болничко лекување од 4.5 месеци се однесува на групата болести ***Душевни растројства и растројства во обноските***, F00-F99.

Второ и треторангирани според просечното траење на лекувањето се групите (1) ***Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам***, D50-D89, и (2) ***Неоплазми***, C00-D48.

Најкратко просечно траење на лекување во болница од **2.3 денови** и **2.8 денови** се бележи кај групите ***Болести на окото и аднекситe***, H00-H59, и ***Бременост, породување и пуерпериум*****,** O00-O99, соодветно.

Според местото на живеење, во 2013 година, највисока стапка на општ болнички морбидитет е регистриран во **општина Центар**, со **4,7 пати повисока** вредност споредено со највисоката стапка во руралните општини.

Анализата дава слика за состојбата во болничкиот морбидитет во 2013 година споредено со 2007 година. Овој седумгодишен период сведочи дека болниците се место на лекување со стапка на хоспитализација која лесно варира од **90,3/1000 жители** во **2007 година** до **107,1/1000 жители** во **2013 година**.

Од болниците се очекува постојано да работат на подобрување на својата ***ЕФИКАСНОСТ***, имено,

⇒ постојано ***да го намалуваат бројот на несоодветни приеми***,

⇒ ***да ја контролираат должината на болничкото лекување***,

⇒ но, и да се грижат за ***обезбеденоста со стручен и соодветен здравствен кадар*** заради процесот на стареење на здравствените работници и зголемената мобилност на персоналот.

**Системот на јавно здравје** ја следи, истражува и проучува здравствената состојба на населението со единствена цел да се подобри здравјето преку одговор на основните закани по здравјето и оние кои се карактеристика на современото живеење.

Оттаму е неопходно континуирано *да се влијае врз факторите на ризик* по здравјето како што се, пред сé, причинителите на болести, факторите на животната средина, начинот на живеење и социо-економските фактори.

Клучна област за делување во системот на јавното здравје е онаа во врска со обврската да се воспостави и да се одржува ***стабилен систем за финансирање и давање услуги во здравството***, особено од аспект на обезбедување ***квалитет*** и ***достапност***.

Во таа смисла **П Р Е П О Р А К И Т Е** кои произлегуваат од увидот во заболеноста и смртноста на населението во рамките на болничката заштита упатуваат на:

1. Јакнење на ***мерките на примарна превенција*** за прифаќање на здрав стил на живеење уште во најраното детство, младоста и понатаму во текот на животот како одговор на развојот на незаразните болести, болестите на циркулаторниот систем и неоплазмите во прв ред.
2. Јакнење на ***мерките за секундарна превенција*** заради рано откривање на заболувањата, важно во сите области на медицината, но особено во областа на малигните заболувања. Во таа смисла е неопходно да се продолжи со спроведување на постоечките скрининг тестирања кои се во тек во државата и кои заедно со мерките од примарната превенција треба да доведат до ставање под контрола на оваа група на болести.
3. Јакнење на ***капацитетите и квалитетот за спроведување успешна рехабилитација*** на лекуваните болни, како ***терциерна превенција*** во процесот на здравствената заштита, што треба да ги зголеми резултатите од лекувањето.
4. Јакнење на ***достапноста на здравствената заштита*** во функција на секундарната и терциерната превенција, и
5. Јакнење на ***квалитетот на здравствените услуги***, во областа на дијагностичките испитувања, лекувањето и рехабилитацијата како компонента на секундарната и терциерната превенција;
6. Понатамошно ***подобрување на координацијата помеѓу болничкото и амбулантно-поликлиничкото лекување***.
7. Придонесување во правец на ***смалување на прераната смртност*** (дефинирана како можност да се умре на возраст помеѓу 30 и 70 години) од четирите главни незаразни заболувања: болестите на циркулаторниот систем, хроничните респираторни болести, ракот и дијабетот, според глобалните податоци во светот.

# Користена литература


1. Анализа на болничкиот морбидитет во Република Македонија: 2008 и 2009, Скопје: Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2011.
2. Македонија во бројки, 2014, Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2014.
3. Регионите во Република Македонија, 2013, Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2014.
4. Hospitals in Europe: Healthcare data 2011. European Hospital and Healthcare Federation. Brussels: HOPE Publications.
5. European HFA Database (April 2014) WHO/Europe.
6. Hofmann D. T. (2009) Health policies in central and South Eastern Europe: challenges and chances. Italian Journal of Public Health. Volume 6, Number 1.
7. Rachel B, McKee M. (2003) Healing the crisis: the prescription for public health action in southeastern Europe. Information Review. London School of Hygiene and Tropical Medicine and Open Society Institute.
8. Закон за јавно здравје: Службен весник на Република Македонија, бр.22, 2010.
9. Закон за државна статистика: Службен весник на Република Македонија, бр.54/97, 21/07 и 51/11.
10. Програма за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2013.
11. Национална стратегија на Република Македонија за превенција и контрола на незаразните болести (2009), Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2009.
12. Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015, Скопје: Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, 2008.
13. Kontis V, et al. “Contribution of six risk factors to achieving the 25x25 non-communicable disease mortality reduction target: a modeling study”. Lancet 2014; doi:10.1016/S0140-6736(14)60616-4.

# Прилог табели

БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

СКОПСКИ РЕГИОН, 2007-2013

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 | 2010 | 2013 | Индекс 13/07 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2131 | 2327 | 2209 | 1.0 | 3.6 | 3.9 | 3.6 |
| C00-D48 | Неоплазми | 7684 | 11985 | 9526 | 1.2 | 12.9 | 20.1 | 15.5 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 309 | 486 | 563 | 1.8 | 0.5 | 0.8 | 0.9 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 1043 | 1373 | 1801 | 1.7 | 1.8 | 2.3 | 2.9 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 1546 | 1870 | 1606 | 1.0 | 2.6 | 3.1 | 2.6 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 974 | 1107 | 1102 | 1.1 | 1.6 | 1.9 | 1.8 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1253 | 1434 | 1538 | 1.2 | 2.1 | 2.4 | 2.5 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 207 | 211 | 304 | 1.5 | 0.3 | 0.4 | 0.5 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 8669 | 11105 | 8348 | 1.0 | 14.6 | 18.6 | 13.6 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 6850 | 8271 | 8743 | 1.3 | 11.5 | 13.9 | 14.3 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 4739 | 6837 | 5939 | 1.3 | 8.0 | 11.5 | 9.7 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 826 | 1562 | 1507 | 1.8 | 1.4 | 2.6 | 2.5 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 2578 | 3053 | 3441 | 1.3 | 4.3 | 5.1 | 5.6 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 5221 | 6029 | 8097 | 1.6 | 8.8 | 10.1 | 13.2 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 1934 | 1890 | 2085 | 1.1 | 3.3 | 3.2 | 3.4 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 387 | 437 | 265 | 0.7 | 0.7 | 0.7 | 0.4 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 632 | 728 | 736 | 1.2 | 1.1 | 1.2 | 1.2 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 608 | 981 | 1226 | 2.0 | 1.0 | 1.6 | 2.0 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 4155 | 4124 | 4367 | 1.1 | 7.0 | 6.9 | 7.1 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 1828 | 2635 | 2236 | 1.2 | 3.1 | 4.4 | 3.6 |
| ВКУПНО: | | 53574 | 68445 | 65639 | 1.2 | 90.3 | 114.9 | 107.1 |

## 2 БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

**СТРУКТУРА НА МОРБИДИТЕТОТ СПОРЕД ГРУПИТЕ НА БОЛЕСТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО МКБ-X И ОДДЕЛНИ ВОЗРАСНИ ГРУПИ ОД ИНТЕРЕС**
**2.1 СКОПСКИ РЕГИОН, 2010-2013**

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ИНДЕКС НА СТРУКТУРА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 г. | | | | >65 г. | | | |
| | | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 37.6 | 43.2 | 42.8 | 46.0 | 7.8 | 5.2 | 10.1 | 9.4 |
| C00-D48 | Неоплазми | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.8 | 33.2 | 23.6 | 37.8 | 37.7 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 30.2 | 24.0 | 19.2 | 21.8 | 15.8 | 21.7 | 30.0 | 29.5 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 33.9 | 41.5 | 44.5 | 42.3 | 25.1 | 14.3 | 19.5 | 18.4 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 7.4 | 5.1 | 5.0 | 7.1 | 8.3 | 7.1 | 9.4 | 10.0 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 16.1 | 19.3 | 15.6 | 14.7 | 22.0 | 18.0 | 25.4 | 24.0 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1.3 | 1.2 | 0.9 | 1.4 | 63.5 | 49.9 | 66.7 | 65.4 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 37.4 | 42.1 | 48.0 | 32.2 | 13.7 | 7.2 | 9.3 | 18.8 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 0.8 | 0.8 | 1.1 | 1.3 | 51.7 | 36.8 | 56.0 | 56.3 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 58.7 | 56.2 | 54.7 | 52.3 | 12.6 | 10.5 | 16.5 | 16.2 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 12.8 | 15.0 | 13.7 | 12.3 | 26.9 | 17.6 | 27.7 | 28.2 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 17.2 | 13.8 | 17.8 | 16.0 | 13.3 | 10.0 | 15.7 | 18.2 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 3.1 | 2.3 | 2.7 | 2.4 | 32.1 | 25.2 | 38.7 | 40.0 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 7.0 | 7.1 | 6.5 | 6.6 | 18.7 | 13.7 | 20.4 | 20.5 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 70.9 | 65.0 | 61.0 | 54.2 | 2.2 | 1.0 | 2.2 | 2.0 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 67.5 | 57.5 | 55.0 | 52.4 | 10.5 | 11.0 | 18.7 | 17.7 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 14.6 | 14.1 | 14.4 | 13.0 | 25.0 | 21.2 | 26.7 | 29.8 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 3.9 | 4.4 | 5.7 | 6.0 | 19.3 | 11.6 | 17.2 | 19.4 |
| ВКУПНО: | | 16.1 | 16.1 | 16.0 | 16.4 | 27.1 | 19.9 | 29.1 | 28.7 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

### СКОПСКИ РЕГИОН, 2010-2013
### ПРОСЕЧНО ТРАЕЊЕ НА ЛЕКУВАЊЕТО СПОРЕД ГРУПИТЕ НА БОЛЕСТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО МКБ-Х

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-Х | | Просечно траење на лекување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 13.7 | 11.8 | 10.3 | 13.8 |
| C00-D48 | Неоплазми | 5.7 | 6.9 | 6.0 | 14.3 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 4.9 | 8.3 | 8.4 | 19.1 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 10.9 | 8.9 | 8.3 | 6.8 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 162.8 | 199.0 | 394.0 | 135.7 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 13.3 | 16.1 | 16.9 | 13.7 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 3.1 | 3.5 | 3.6 | 2.3 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 11.0 | 12.9 | 12.3 | 8.1 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 9.4 | 8.7 | 10.0 | 8.2 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 7.6 | 7.9 | 8.2 | 8.3 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 4.9 | 7.3 | 6.2 | 6.3 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 5.9 | 5.5 | 7.2 | 7.5 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 14.6 | 13.0 | 13.0 | 12.4 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 4.9 | 5.3 | 5.2 | 5.9 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 2.6 | 2.9 | 2.8 | 2.8 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 7.3 | 9.2 | 10.0 | 10.6 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 6.0 | 10.7 | 6.2 | 5.2 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 5.6 | 7.2 | 7.0 | 7.1 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 8.8 | 11.0 | 9.2 | 7.8 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 6.4 | 8.4 | 6.7 | 8.1 |
| ВКУПНО: | | 11.7 | 12.7 | 18.5 | 11.9 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

### ГРАД СКОПЈЕ, 2007-2013

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ 2007 | 2010 | 2013 | Индекс 13/07 | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2009 | 2151 | 2030 | 1.0 | 3.9 | 4.1 | 3.8 |
| C00-D48 | Неоплазми | 7576 | 11614 | 9107 | 1.2 | 14.6 | 22.3 | 17.1 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 308 | 477 | 520 | 1.7 | 0.6 | 0.9 | 1.0 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 1028 | 1332 | 1719 | 1.7 | 2.0 | 2.6 | 3.2 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 1526 | 1824 | 1567 | 1.0 | 2.9 | 3.5 | 2.9 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 944 | 1046 | 1010 | 1.1 | 1.8 | 2.0 | 1.9 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1205 | 1318 | 1441 | 1.2 | 2.3 | 2.5 | 2.7 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 204 | 196 | 282 | 1.4 | 0.4 | 0.4 | 0.5 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 8584 | 10908 | 7958 | 0.9 | 16.5 | 20.9 | 14.9 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 6672 | 8032 | 8476 | 1.3 | 12.9 | 15.4 | 15.9 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 4571 | 6451 | 5453 | 1.2 | 8.8 | 12.4 | 10.2 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 811 | 1473 | 1394 | 1.7 | 1.6 | 2.8 | 2.6 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 2486 | 2916 | 3320 | 1.3 | 4.8 | 5.6 | 6.2 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 5126 | 5868 | 7741 | 1.5 | 9.9 | 11.3 | 14.5 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 1823 | 1716 | 1903 | 1.0 | 3.5 | 3.3 | 3.6 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 387 | 437 | 263 | 0.7 | 0.7 | 0.8 | 0.5 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 613 | 701 | 686 | 1.1 | 1.2 | 1.3 | 1.3 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 597 | 959 | 1198 | 2.0 | 1.2 | 1.8 | 2.2 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 3949 | 3774 | 3937 | 1.0 | 7.6 | 7.2 | 7.4 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 1814 | 2539 | 2142 | 1.2 | 3.5 | 4.9 | 4.0 |
| ВКУПНО: | | 52233 | 65732 | 62147 | 1.2 | 100.7 | 126.2 | 116.5 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

### СТРУКТУРА НА МОРБИДИТЕТОТ СПОРЕД ГРУПИТЕ НА БОЛЕСТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО МКБ-X И ОДДЕЛНИ ВОЗРАСНИ ГРУПИ ОД ИНТЕРЕС ГРАД СКОПЈЕ, 2010-2013

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ИНДЕКС НА СТРУКТУРА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 г. | | | | >65 г. | | | |
| | | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 36.4 | 41.9 | 41.1 | 44.3 | 8.1 | 5.5 | 10.5 | 9.5 |
| C00-D48 | Неоплазми | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.8 | 33.2 | 23.8 | 38.2 | 38.2 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 30.8 | 24.4 | 20.2 | 23.7 | 15.9 | 21.7 | 30.0 | 30.4 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболички болести | 34.9 | 42.2 | 46.1 | 44.3 | 25.5 | 14.3 | 19.3 | 17.7 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 7.3 | 5.1 | 4.9 | 7.0 | 8.4 | 7.1 | 9.6 | 10.1 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 16.6 | 20.2 | 16.2 | 15.4 | 22.4 | 18.9 | 25.7 | 24.0 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1.4 | 1.3 | 0.7 | 1.3 | 64.3 | 49.4 | 67.5 | 66.1 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 38.3 | 43.3 | 48.9 | 33.3 | 13.3 | 7.2 | 9.2 | 19.1 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 0.7 | 0.7 | 1.0 | 1.1 | 52.0 | 37.1 | 56.2 | 56.7 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 59.9 | 57.7 | 56.2 | 53.3 | 12.5 | 10.2 | 16.0 | 16.1 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 12.9 | 15.1 | 13.8 | 12.3 | 27.7 | 18.2 | 28.4 | 29.0 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 17.9 | 14.3 | 18.6 | 16.6 | 13.6 | 10.5 | 16.2 | 18.9 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 2.8 | 2.1 | 2.7 | 2.3 | 32.7 | 25.7 | 39.4 | 40.9 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 7.0 | 7.1 | 6.6 | 6.6 | 19.1 | 13.7 | 20.6 | 20.3 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 70.6 | 65.8 | 61.5 | 54.5 | 2.3 | 0.9 | 2.1 | 2.2 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 68.8 | 58.4 | 55.9 | 53.6 | 10.4 | 10.7 | 18.6 | 17.4 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 13.6 | 13.4 | 13.6 | 12.2 | 26.3 | 22.4 | 28.3 | 31.3 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 3.8 | 4.3 | 5.5 | 5.9 | 19.8 | 11.8 | 17.6 | 19.7 |
| ВКУПНО: | | 16.2 | 16.2 | 16.2 | 16.6 | 27.5 | 20.2 | 29.5 | 29.1 |

БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ, 2007-2013**

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 | 2010 | 2013 | Индекс 13/07 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 122 | 181 | 181 | 1.5 | 1.7 | 2.4 | 2.4 |
| C00-D48 | Неоплазми | 322 | 929 | 897 | 2.8 | 4.4 | 12.5 | 11.8 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 2 | 47 | 55 | 27.5 | 0.0 | 0.6 | 0.7 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболички болести | 35 | 83 | 73 | 2.1 | 0.5 | 1.1 | 1.0 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 64 | 130 | 117 | 1.8 | 0.9 | 1.8 | 1.5 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 64 | 92 | 117 | 1.8 | 0.9 | 1.2 | 1.5 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 68 | 101 | 152 | 2.2 | 0.9 | 1.4 | 2.0 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 20 | 9 | 23 | 1.2 | 0.3 | 0.1 | 0.3 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 146 | 355 | 824 | 5.6 | 2.0 | 4.8 | 10.9 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 239 | 339 | 448 | 1.9 | 3.2 | 4.6 | 5.9 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 179 | 463 | 443 | 2.5 | 2.4 | 6.2 | 5.8 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 36 | 138 | 157 | 4.4 | 0.5 | 1.9 | 2.1 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 169 | 223 | 372 | 2.2 | 2.3 | 3.0 | 4.9 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 206 | 370 | 536 | 2.6 | 2.8 | 5.0 | 7.1 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 58 | 77 | 97 | 1.7 | 0.8 | 1.0 | 1.3 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 0 | 3 | 5 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 18 | 31 | 47 | 2.6 | 0.2 | 0.4 | 0.6 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 5 | 27 | 64 | 12.8 | 0.1 | 0.4 | 0.8 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 224 | 269 | 279 | 1.2 | 3.0 | 3.6 | 3.7 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 58 | 145 | 124 | 2.1 | 0.8 | 2.0 | 1.6 |
| ВКУПНО: | | 2035 | 4012 | 5011 | 2.5 | 27.6 | 54.1 | 66.1 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

### СТРУКТУРА НА МОРБИДИТЕТОТ СПОРЕД ГРУПИТЕ НА БОЛЕСТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО МКБ-X И ОДДЕЛНИ ВОЗРАСНИ ГРУПИ ОД ИНТЕРЕС ОПШТИНА АЕРОДРОМ, 2010-2013

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ИНДЕКС НА СТРУКТУРА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 г. | | | | >65 г. | | | |
| | | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 27.6 | 36.0 | 30.7 | 23.2 | 7.2 | 4.6 | 6.0 | 7.2 |
| C00-D48 | Неоплазми | 0.1 | 0.5 | 0.5 | 0.4 | 27.1 | 17.2 | 34.2 | 30.4 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 14.9 | 12.5 | 42.5 | 34.5 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 36.1 | 16.9 | 30.0 | 39.7 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 19.2 | 15.1 | 5.0 | 14.5 | 3.1 | 4.7 | 7.1 | 8.5 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 1.1 | 0.0 | 0.0 | 0.9 | 17.4 | 26.2 | 28.1 | 23.1 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1.0 | 0.0 | 0.0 | 0.7 | 54.5 | 41.1 | 61.8 | 61.2 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 11.1 | 41.4 | 68.4 | 34.8 | 22.2 | 10.3 | 10.5 | 17.4 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 0.8 | 0.5 | 1.0 | 0.1 | 46.2 | 32.5 | 52.3 | 58.1 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 20.6 | 22.2 | 24.0 | 22.1 | 21.8 | 18.9 | 27.4 | 29.5 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 3.5 | 8.2 | 3.8 | 4.1 | 28.1 | 16.7 | 33.2 | 29.8 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 3.6 | 5.6 | 5.1 | 1.3 | 14.5 | 8.8 | 14.7 | 18.5 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 0.4 | 0.8 | 0.9 | 0.5 | 36.8 | 25.4 | 44.0 | 42.5 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 1.6 | 1.1 | 3.2 | 2.1 | 17.6 | 15.5 | 25.6 | 29.1 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 29.0 | 30.6 | 25.0 | 31.9 | 3.2 | 0.0 | 7.1 | 0.0 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 3.7 | 2.7 | 10.5 | 14.1 | 33.3 | 13.5 | 44.7 | 40.6 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 7.4 | 8.5 | 9.7 | 8.2 | 25.3 | 18.9 | 26.0 | 30.8 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 4.1 | 3.7 | 2.3 | 8.1 | 14.5 | 7.5 | 20.3 | 21.8 |
| ВКУПНО: | | 5.5 | 6.6 | 6.1 | 5.3 | 25.2 | 18.2 | 32.0 | 33.8 |

БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

**ОПШТИНА БУТЕЛ, 2007-2013**

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2007 | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2007 | 2010 | 2013 | Индекс 13/07 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 56 | 101 | 126 | 2.3 | 1.5 | 2.7 | 3.3 |
| C00-D48 | Неоплазми | 90 | 331 | 314 | 3.5 | 2.4 | 8.9 | 8.2 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 2 | 15 | 20 | 10.0 | 0.1 | 0.4 | 0.5 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 20 | 33 | 46 | 2.3 | 0.5 | 0.9 | 1.2 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 22 | 53 | 59 | 2.7 | 0.6 | 1.4 | 1.6 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 28 | 34 | 45 | 1.6 | 0.8 | 0.9 | 1.2 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 21 | 46 | 72 | 3.4 | 0.6 | 1.2 | 1.9 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 3 | 4 | 10 | 3.3 | 0.1 | 0.1 | 0.3 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 66 | 137 | 345 | 5.2 | 1.8 | 3.7 | 9.1 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 150 | 156 | 220 | 1.5 | 4.1 | 4.2 | 5.8 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 85 | 283 | 237 | 2.8 | 2.3 | 7.6 | 6.2 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 10 | 43 | 58 | 5.8 | 0.3 | 1.2 | 1.5 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 78 | 103 | 149 | 1.9 | 2.1 | 2.8 | 3.9 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 64 | 138 | 202 | 3.2 | 1.7 | 3.7 | 5.3 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 56 | 88 | 85 | 1.5 | 1.5 | 2.4 | 2.2 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 1 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 4 | 23 | 21 | 5.3 | 0.1 | 0.6 | 0.6 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 4 | 12 | 48 | 12.0 | 0.1 | 0.3 | 1.3 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 121 | 163 | 175 | 1.4 | 3.3 | 4.4 | 4.6 |
